Дневни билтени

2015
Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022
2023

Извадок на ден од дневни настани 08.11.2023

Вчера (07.11.2023) полициски службеници од ЕВР Аеродром и Драчево го лишиле од слобода Y.Ш. (31) од Скопје. Тој се сомнича дека непосредно претходно во спортска обложувалница на подрачјето на Центар, со закана кон вработената одзел пари. Кај него биле пронајдени пари за кои постои сомнение дека потекнуваат од кривично дело, по што Y.Ш. е приведен во полициска станица. По преземени мерки и активности, тој се сомнича дека на подрачјето на Скопје извршил дополнителни пет кривични дела. По целосно документирање на сите кривични дела од страна на ЕВР Центар и Бит Пазар, против сторителот до ОЈО Скопје ќе биде поднесена кривична пријава.

На 07.11.2023 во Штип, полициски службеници од Полициската станица Штип го лишиле од слобода А.Ј.(23) од Штип. При претрес извршен од полициски службеници од Отсекот за недозволена трговија со дрога во домот и помошни простории, сопственост на неговиот брат Т.Ј. (32), во кој заедно живееле, по претходно добиена судска наредба, била пронајдена и одземена марихуана. Но комплетирање на случајот против А.Ј ќе биде поднесена соодветна кривична пријава.

На 07.11.2023 во 13.00 часот, полициски службеници од СВР Куманово го лишиле од слобода А.Р.(20) од Куманово. Тој се сомнича дека истиот ден на булеварот „Октомвриска револуција" во Куманово влегол на приватен имот и одзел предмети. А.Р. бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе следува соодветна пријава.

На 08.11.2023 во 00:20 часот на ул.„179" во Тетово, полициски службеници од СВР Тетово го лишиле од слобода Б.С.(45) од Тетово. При преглед извршен во такси возило со тетовски регистарски ознаки, кое го управувал, пронајден е кокаин. Лицето е приведено и задржано во полициска станица за понатамошна постапка, а по расчистување и документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

Денеска (08.11.2023) во 00.50 часот на подрачјето на Аеродром, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода К.Т.(22) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 07.11.2023 во 02.20 часот на Граничниот премин „Меѓународен Аеродром" Скопје биле приведени А.С.А.(37) и Ц.А.(30), двајцата од Република Турција, со престој во Република Грција, поради сомнение во исправноста на грчките дозволи за престој. Тие биле предадени на полициски службеници од Одделение за прекуграничен криминал и миграции Скопје за понатамошна постапка.

Денеска (08.11.2023) во 03.40 часот на Граничниот премин Табановце приведен е З.Р.(33) од Република Албанија бидејќи се обидел да извреди излез со патна исправа на друго лице. Тој бил предаден на полициски службеници од СВР Куманово за понатамошна постапка.

Во текот на вчерашниот ден (07.11.2023) Министерството за внатрешни работи спроведе засилена акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционирани се 259 возачи. Од нив 15 возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното. Притоа 129 возила ја пречекориле брзината во населено место, а 130 надвор од населено место.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (07.11.2023) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територијата на град Скопје изречени се вкупно 243 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 66 санкции, 15 мерки за возење без возачка дозвола, пет санкции за прекршоци што ги прават возачите на мотоцикл.Изречени се седум мерки за користење мобилен телефон при возење, 15 санкции за некористење сигурносен појас, четири мерки за технички неисправни и нерегистрирани возила, четири санкции за минување на затворен сигнал (црвено светло), пет мерки за прекршоци што ги прават пешаците...

Вчера (7 ноември) на подрачјето на СВР Тетово од 10 до 14 часот спроведена е акциска контрола на пешаците - учесници во сообраќајот. При контролата биле откриени и санкционирани се вкупно 43 прекршоци (ТЕ-26 и ГВ-17). Најголемиот број од прекршоците (ТЕ-22 и ГВ-17) се однесувале на преминување на улиците надвор од обележани пешачки премини, а преостанатите на непочитување на светлосна сигнализација на крстосниците. На сите прекршители изготвени им се поднесоци по Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата. При контролата, исто така, санкционирани се и 14 (ТЕ) други видови сообраќајни прекршоци.

На 07.11.2023 во 10.15 часот во Полициската станица Гази Баба, Л.М. од Скопје пријавил дека на ул.„ЗаниЛукровски" бил каснат од куче скитник.

На 07.11.2023 во 14.50 часот во Полициската станица Ѓорче Петров, Ј.Н.(35) од Скопје пријавил дека на ул.„Александар Македонски" бил каснат од куче скитник.

На 07.11.2023 во 20.00 часот во Полициската станица Драчево, Л.Ѓ.(56) од Скопје пријавил дека на ул.„Иван Хаџи Николов" бил каснат од куче скитник.

На 07.11.2023, полициски службеници од Одделението за недозволена трговија со дрога при СВР Охрид, врз основа на судска наредба, извршија претрес во домот на Л.П.(39) од Охрид. Притоа, пронајдени и одземени се две опаковки со бела прашкаста материја, како и повеќе предмети со остатоци од бела прашкаста материја. По целосно документирање на настанот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.
Вчера (07.11.2023) околу 17.30 часот во аграт на гостиварско Здуње, полициски службеници на СВР Тетово-Одделение за внатрешни работи Гостивар го лишиле од слобода 71-годишниот гостиварец М.Ј., поради сомнение дека сторил кривично дело „незаконит лов". Во неговото возило „фиат панда" со гостиварски регистарски ознаки, била пронајдена и одземена ловечка пушка, калибар 12 милиметри со еден патрон и друга ловечка опрема. Се расчистува и документира случајот по што на М.Ј. ќе му биде изготвен поднесок.
На 07.11.2023 во 16.30 часот во ОВР Гостивар, 56-годишен гостиварец пријавил дека бил измамен од лице од Скопје кое се преставило како бизнисмен и му понудило производи во вредност од 2.000 евра. Откако телефонски се договориле за нарачката, пријавителот преку такси возило му ги испратил парите, но производите не му биле доставени, по што увидел дека е измамен. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.
Денеска (08.11.2023) во Секторот за внатрешни работи Тетово извршен е службен разговор со 43-годишниот А.С. од тетовско Горно Палчиште. На 07.11.2023 во 12.00 часот тој бил пријавен од 25-годишниот Н.А. од гостиварско Калиште дека на Зеленото пазар во Тетово агресивно се однесувал кон него и негова колешка додека подготвувале материјал за новинарски прилог. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.
На 07.11.2023 во 08.35 часот во СВР Скопје било пријавено дека во населбата Илинден, по претходна расправија, бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу О.Т.(35) и М.К.(62), при што биле употребени и тврди предмети. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.
СВР Тетово поднесе кривична пријава против троица малолетници од Тетово и Битола, поради постоење основано сомнение за сторени кривични дела „кражба", „одземање на моторно возило" и „тешка кражба". Во периодот од 25.04.2023 до 18.07.2023, пријавените од повеќе лица одделе три патнички возила „ОМ", „лежо" и „мерседес", еден скутер и велосипед и други лични предмети, при што се стекнале со противправна имотна корист од 69.000 денари. По преземени мерки и активности одземените предмети се вратени на сопствениците.
На 06.11.2023 во 11.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека околу 10.30 часот на подрачјето на Драчево, по претходно недоразбирање, бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу Д.Е.(32) од с.Џрн Врв, од една страна, и О.Д.(69) и С.Д.(69) од Скопје, од друга страна. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.
На 07.11.2023 во 10.50 часот во СВР Скопје, 22 - годишна жена пријавила дека околу 03.00 часот на подрачјето на Центар била физички нападната од нејзиниот поранешен партнер В.М.(25) од Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.
Надворешната канцеларија за криминалистички работи Делчево поднесе кривична пријава против С.Д.(62) од Делчево, поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „злоупотреба на службена положба". Пријавениот, во својство на основан и управител на правно лице, во периодот од мај 2021 до мај 2023, во повеќе наврати ја злоупотребил својата службена положба и овластување, на тој начин што по претходно спроведени јавни набавки и склучени два договора со општина Делчево за шинтерски услуги, за фаќање и хуман третман на кучиња скитници на подрачјето на Општина Делчево за период од една година, изготвил 11 фактури со невистинита содржина во кои впишал невистинити податоци за услуги кои не ги извршил, а ги доставил за наплата. Притоа, тој се стекнал со противправна имотна корист од 350.869 денари на штета на Општина Делчево.
На 07.11.2023 во 12.13 часот во СВР Скопје, Б.К.(43) пријавила дека на подрачјето на Бит Пазар била физички нападната од 38-годишната Ј.З., двете од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.
На 07.11.2023 во 15.45 часот во СВР Скопје, Д.Ѓ.(25) од Прилеп пријавил дека околу 15.00 часот на подрачјето на Центар бил физички нападнат од Д.В.(54) од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.
СВР Битола поднесе кривична пријава против М.М.(35) од Прилеп, поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „овозможување на употреба на наркотични дроги и психотропни супстанци". Во периодот од ноември 2022 годинa до јануари 2023 година, пријавениот во својот дом неовластено чувал дрога и во повеќе наврати на друго лице овозможил да користи дрога.
На 07.11.2023 во 14.20 часот во СВР Скопје, Д.М.(52) од Скопје пријавил дека околу 09.00 часот на подрачјето на Карпош бил физички нападнат од Ц.Д.(78) од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.
СВР Тетово поднесе кривична пријава против И.И.(18) од Тетово, поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „измислено". На 06.06.2023 во Тетово, пријавениот физички го нападнал Т.А.(44) од с.Фалише.
На 07.11.2023 во 14.00 часот во СВР Скопје, Л.Т.(19) од Скопје пријавил дека на 05.11.2023 околу 19.30 часот бил физички нападнат од Б.К.(19) и уште едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.
ОВР Кавадарци поднесе кривична пријава против Г.Б.(71) од Кавадарци, поради постоење основано сомнение за сторени две кривични дела „неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје и експлозивни материјали" и „предизвикување општа опасност". На 17.06.2023 на место викано „Брушански залив" на Тиквешкото Езеро од ловечка пушка испукал неколку куршуми кон местото каде има голем број викенд куќи и фреквенција на луѓе.
На 07.11.2023 во 11.30 часот во Полициската станица Гази Баба, Ј.Б.(72) од Скопје пријавила дека на бул.„Александар Македонски" била касната од куче скитник.
Надворешната канцеларија за криминалистички работи Пробиштип поднесе кривична пријава против В.Л.(55) од с.Злетово, пробиштипско, поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „малтретирање во вршење на службата". На 28.09.2023 во спортска сала во училиште во Злетово, пријавениот наставник физички нападнал ученик во училиштето.
На 07.11.2023 во 16.00 часот во СВР Скопје, од Јавна установа за згрижување деца било пријавено дека на подрачјето на Шуто Оризари нивна малолетна штитеничка била допирана по телото од Е.К.(52) од Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.
СВР Битола поднесе кривична пријава против Н.Ќ.(22) од Прилеп, поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „полово вознемирување". Во периодот од 2020 година до 04.09.2023, пријавениот во неколку наврати преку социјални мрежи пишувал недолични коментари и пораки кон негова познаничка.
На 07.11.2023 во 19.25 часот во Полициската станица Драчево било пријавено дека на ул.„Иван Хаџи Николов", З.А.(59) од Скопје бил каснат од куче скитник, при што паднал и се здобил со тешка телесна повреда.
СВР Битола поднесе кривична пријава против Д.А.(43) од Прилеп, поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „напад на службено лице при вршење работи на безбедноста". На 05.10.2023 во Битола, пријавениот физички нападнал полициски службеник кој извршувал службени дејствија.
На 07.11.2023 во 17.40 часот во СВР Скопје било пријавено дека околу 14.00 часот на подрачјето на Центар, Т.С.(71) од Свети Николе физички нападнат полициски службеник кој извршувал службени дејствија. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.
Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кочани поднесе кривична пријава против М.К.(65) од Кочани, поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „спречување службено лице во вршење службено дејствие". На 26.10.2023 во Кочани, пријавениот спречил полициски службеник во вршење на службено дејствие.
Вчера (07.11.2023) во 14.00 часот во СВР Тетово, 31-годишната тетовка Д.В. пријавила дека на улица „Гоце Делчев" во Тетово нејзината малолетна ќерка била касната од куче скитник.
СВР Тетово поднесе кривична пријава против Љ.И.(60) од с.Раотинце, поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „лажно пријавување на кривично дело". На 19.07.2023 по Полициското одделение Јегуновце, Љ.И. пријавил дека по претходна расправија, З.С.(71) од с.Раотинце испукал два куршуми од ловечка пушка кон него. По извршени истражни дејства било констатирано дека З.С. него сторил делото, односно дека Љ.И. лажно го пријавил настанот.
На 07.11.2023 во 11.00 часот во Полициското одделение Шуто Оризари, Х.Е.(47) од Скопје пријавила дека на ул.„Рељо шесто крило" била касната од куче скитник.
СВР Тетово поднесе кривична пријава против Р.С.(23) од Тетово, поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „тешка повреда" во врска семејно насилство. На 13.08.2023, пријавениот физички ја нападнал неговата мајка.

Сектор упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија
Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 e-поштa: kontakt@moi.gov.mk
Изработено од Унет